# З А П И С Н И К
## Од Дваесет и првата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 16.12.2025 година, во 10:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Дваесет и првата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков, Миле Гроздановски, Маја Седрак, Владимир Палашевски, Марјан Велевски и Музбајдин Ќамиљи.*

Дваесет и првата седница на Програмскиот совет започна во 10:25 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесет и првата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 20-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Избор на членови на Надзорен одбор на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 20-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Дваесетата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Избор на членови на Надзорен одбор на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски ја отвори втората точка на дневен ред и истакна, врз основа на член 124 став (1) алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и член 37, член 39, член 40 и член 41 од Статутот на

Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио и телевизија, Програмскиот совет спроведува постапка за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ преку јавен конкурс. Согласно Статутот, Програмскиот совет распиша Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор, кој беше објавен на програмите на МРТ и на интернет страницата на МРТ и траеше во утврдениот рок.

Во согласност со член 41 од Статутот, Програмскиот совет формираше Комисија од редот на своите членови, која ја спроведе постапката по конкурсот и изврши административна проверка на сите пристигнати пријави, односно утврди дали кандидатите ги исполнуваат условите пропишани со Конкурсот.

Комисијата до Програмскиот совет достави Записник, во кој се содржани:

- список на сите пријавени кандидати,
- поединечна оценка на исполнетоста на условите,
- јасна назнака кои кандидати ги исполнуваат, а кои не ги исполнуваат пропишаните услови.

По разгледување на Записникот доставен од страна на Комисијата до останатите членови на Програмскиот совет на МРТ и откако членовите на Програмскиот совет утврдија дека согласно Записникот е направена соодветна евалуација и проверка на кандидатите, Претседателот Давор Пашоски го стави Записникот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Во рамки на разгледувањето на пријавите Комисијата најнапред утврдила дали пријавите се доставени во пропишаниот рок и на начин утврден во Конкурсот и дали во прилог на пријавите е приложена севкупната задолжителна документација согласно Конкурсот од страна на кандидатите и тоа:

- кандидатите да се државјани на Република Северна Македонија
- да имаат високо образование
- да поседуваат знаење и најмалку пет години искуство од областа на финансиското и сметководственото работење
- да ги исполнуваат условите утврдени во член 127 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на тоа, комисијата утврди дека на Конкурсот се пристигнати 19 пријави.

За секоја пријава Комисијата извршила поединечна административна проверка согласно член 41 од Статутот на МРТ.

- Комисијата утврдила дека од пријавените 19 кандидати, 18 од пријавите се поднесени во определениот рок.

- Комисијата утврдила дека од 18 пријавени кандидати во рок, 13 пријави се доставени со соодветна комплетна документација и ги исполнуваат условите предвидени во член 40 од Статутот на ЈРП МРТ.

Во таа смисла, по ова воведно образложение, членовите на Програмскиот совет пристапија кон поединечно разгледување на кандидатурите, согласно редоследот утврден во Записникот на Комисијата, по што ќе се спроведе гласање за секој кандидат.

Согласно член 42 од Статутот на МРТ, изборот на членови на Надзорниот одбор се врши со гласање за секој кандидат поединечно.
Секој член на Програмскиот совет може да даде онолку гласови колку што членови се избираат по објавениот конкурс, а за избрани се сметаат кандидатите кои ќе добијат најголем број гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ.
По извршеното соодветно гласање за членови на Надзорниот одбор на МРТ се избрани:

- Оливер Зафировиќ
- Слободен Новески
- Марјана Стефановска
- Влатко Ѓорѓиевски
- Ерон Белули
- Лина Ѓорчева
- Метин Хоџа

Откако се утврди дека нема забелешки по однос на евалуацијата, начинот на гласање и изборот на членови на Надзорен одбор на МРТ, Програмскиот совет донесе Одлука за избор на членови на Надзорен Одбор на МРТ, која стапува на сила со денот на нејзиното донесување.
Оваа Одлука ќе биде објавена на интернет страницата на МРТ и ќе биде доставена до избраните кандидати и до надлежните служби за понатамошно постапување.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 18.12.2025 година во 13:00 часот, на која формално ќе се започне со постапката за донесување на новиот Статут на МРТ.
Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Дваесет и првата седница на Програмски совет на МРТ во 11:36 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-6984/3
16.12.2025г.

___________________________

Давор Пашоски